Македонска Асоцијација
на Корпоративни Правници

# С Т А Т У Т

## на Здружение
## МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ

**(пречистен текст)**

Скопје, 24.11.2023 година

**СОДРЖИНА:**

1. Основни одредби 3
2. Име и седиште на Здружението 3
3. Цели и задачи на Здружението, облици и начин на дејствување 4
4. Средства за работа и имот на Здружението 5
5. Органи, начин на нивниот избор и отповикување и нивен меѓусебен однос 6
6. Јавност во работата 13
7. Членство, права, должност и одговорност на членовите 14
8. Претставување и застапување во правниот промет со трети лица 16
9. Статусни промени и престанок на работа на Здружението 16
10. Постапување со имотот во случај на престанок на Здружението 17
11. Преодни и завршни одредби 17

Врз основа на членовите 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52/10) и Одлуката за измена и дополнување на статутот на Здружение МАКЕДОНСКА АСЦОИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје од 24.11.2023, Собранието на Здружението МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје, на ден 24.11.2023 година донесе:

# С Т А Т У Т

на

**Здружение МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје**

(пречистен текст)

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој Статут се уредуваат следните прашања: име и седиште на Здружението, цели и задачи, облици и начин на дејствување, стекнување и располагање со имотот, органи, начин на нивниот избор и отповикување и нивни меѓусебни односи, траење на мандатите на органите и начин на одлучување, остварување јавност во работата, услови за стекнување и престанок на членство како и видови на членство, членарина според видови членство, права должност и одговорност на членовите, претставување и застапување во правниот промет со трети лица, статусни промени и престанок на работа на Здружението и постапување со имотот во случај на престанок како и други прашања од значење за работата на Здружението.

Член 2

(1) Здружението се запишува во Регистарот на здруженија и сојузи кој го води Централниот Регистар на Република С. Македонија и со денот на упис во регистарот се стекнува со својство на правно лице.

## 2. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 3

(1) Името на Здружението е:
**Здружение МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје.**
(2) Скратеното име на Здружението гласи: ***МАКП.***
(3) Името на здружението на англиски јазик е:
**MACEDONIAN ASSOCIATION OF CORPORATE LAWYERS Skopje.**

(4) Скратеното име на Здружението на англиски јазик гласи: ***MACL.***

Член 4

(1) Седиштето на Здружението е во Скопје на ул. „Локов" бр. 5/2-21, Општина Кисела Вода, Скопје.

(2) Здружението дејствува на целата територија на Република С. Македонија.

Член 5

(1) Здружението има печат.

(2) Печатот е во кружна форма со испишан текст по краевите на кругот: *ЗДРУЖЕНИЕ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје.*

(3) Во печатот може да биде содржано и името на здружението на англиски јазик, покрај на македонски јазик.

Член 6

(1) Здружението има штембил.

(2) Штемблот на Здружението е во правоаголна форма и со испишан текст: *Здружение МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје*, под кој стои следниот текст:

*број ______ од _______ год. Скопје.*

Член 7

(1) Здружението може да има и свој знак (амблем).

(2) Со одлука на Управниот орган ќе се утврдат симболите (знаците) и другите елементи на амблемот на Здружението.

(3) Начинот на користење и употребата на амблемот ќе се уреди со одлуката за изработка на амблем на Здружението.

Член 8

(1) Основната дејност на здружението е:

- шифра 94.99 од НКД – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

## 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО, ОБЛИЦИ И НАЧИН НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Член 9

(1) Основни цели и задачи на Здружението се:

- Промовирање и развој на угледот и влијанието на професијата правник во компаниите;
- Промоција и развивање на етичноста во работењето на компаниските правници;
- Афирмација на улогата на правникот во стопанството и создавање услови за законска регулација на професијата компаниски правник преку основање комори или други облици на здружување за таа цел;
- Борба против корупцијата, судир на интереси, дискрециони овластувања, прекумерна регулација и административни пракси кои го отежнуваат работењето на компаниите;
- Унапредување и развој на правната професија во компаниите преку заштита на нивните суштински интереси;
- Создавање и развивање врски помеѓу правниците од стопанството во Република Северна Македонија и странство со нивни исти или слични здруженија во Република Северна Македонија и странство;
- Соработка со судови, јавни обвинителства, државни тела и институции, комори, правни и останати факултети во Република Северна Македонија и во странство, како и со разни други здруженија и организации во интерес на функционирањето на Здружението;
- Следење, проучување и предлагање на промени во позитивното законодавство, со акцент на постигнувањето висок степен на хармонизација со правото на Европската унија;
- Промоворање на мерки за алтернативно решавање на комерцијалните спорови
- Иницирање на мерки и измени во законодовството во насока на раст на инвестициите од странските и домашните компании и унапаредување на соработка меѓу нив;
- Размена на знаења, идеи, искуства и информации во оваа област;
- Промоција, развој и воведување на нови технологии и дигитални решенија во правното работење на компаниите;

  Едуцирање и помагање на младите лица при професионалната ориентација.

Член 10

(1) Здружението ќе работи со непрофитна цел.

(2) Облиците преку кои ќе дејствува Здружението ќе бидат одредувани во зависност од целите кои ќе треба да се постигнат, а ќе бидат одредувани од страна на Собранието.

Член 11

(1) Здружението, своите цели ќе ги остварува преку следните дејности:

- организирање на советувања од национален или меѓународен карактер (научни и стручни собири, симпозиуми, конференции, семинари, работилници и обуки во областа на правото и едукацијата сфатени во најширока смисла), најмалку еднаш во годината;

- учество на членови на Здружението на други советувања од областа на правото во Република С. Македонија и во странство;
- учество на членови на Здружението во национални и меѓународни проекти во областа на правото, корпоративното управување и други области согласно стратешките цели;
- научен и стручен придонес и учество во работни групи и комисии за усвојување на нови или изменување и дополнување на постоечките прописи во сферата на правните прописи од интерес за бизнис заедницата;
- консултантски активности и услуги за прашања и проблеми во областите на правото, правната едукација, корпоративното управување и слично;
- поднесување иницијативи за донесување закони во функција на усогласување на постоечкото законодавство со правото на ЕУ, а особено во насока на промовирање на интересите на правниците од стопанството и нивните работодавачи;
- поттикнување на младите правници на образование и меѓусебно здружување;
- пружање правна помош, согласно законските прописи;
- спроведување научни и стручни истражувања, анализи и извештаи за проблемите од областа на правниот систем и корпоративното управување;
- развивање соработка и здружување во домашни и меѓународни асоцијации кои се занимаваат со прашања и проблеми областа на правото и правната едукација во најширока смисла;
- спроведување, развивање, поттикнување и унапредување на издавачката активност (печатење книги, научни списанија и други научни и стручни публикации од областа на правото и корпоративното управување);
- актуелизирање на релевантни прашања и проблеми од областа на правото и корпоративното управување и нивно промовирање преку медиуми, јавни кампањи и други облици на градење препознатливост на Здружението во научната, стручната и општата јавност;
- други начини на делување кои не се уредени во Актот за Основање, Статутот и другите акти и документи на Здружението, а се во согласност со Уставот и законските прописи.

Член 12

(1) Здружението при своето работење ќе се придржува кон основните начела на независност, јавност и транспарентност, непрофитност и непартиско дејствување, како и кон принципите на демократичност, правичност, рационалност и доследна примена на законите и другите прописи, еднаквост на сите членови, почитување на правилата на конкуренција и други принципи со кои ќе се задржи угледот на Здружението.

## 4. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 13

(1) Здружението може да стекнува имот кој се состои од предмети, парични средства и имотни права.

(2) Здружението за своите обврски одговара со целиот свој имот и средства.

Член 14

(1) Здружението се стекнува со средства за работа од членарина, донации, спонзорства, дејности со кои се стекнува добивка, подароци, легати и слично.

(2) Здружението може да се стекнува и со средства од буџетот на Републиката и локалната самоуправа по претходна изработена програма.

(3) Здружението ги употребува своите средства за остварување на целите предвидени со закон и овој Статут.

(4) Сите средства кои Здружението ќе ги стекне по било кој основ мора да бидат евидентирани во сметководна книга, пропишана со Закон.

(5) Сите парични средства по извршената евиденција се уплатуваат на сметката на Здружението со која располага Претседателот на Здружението и/или лице овластено од него.

(6) При располагањето со средствата на Здружението, Претседателот и лицата овластени од него се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Здружението, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите на Здружението, во согласност со закон и овој Статутот.

Член 15

(1) Средствата што Здружението ги стекнува по основа на претходниот член се во сопственост на Здружението.

Член 16

(1) Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

(2) Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 13 од Статутот, како и расходите за планираните активности, за заедничка потрошувачка, материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи поврзани со работата.

## 5. ОРГАНИ, НАЧИН НА НИВНИОТ ИЗБОР И ОТПОВИКУВАЊЕ И НИВНИОТ МЕЃУСЕБЕН ОДНОС

Член 17

(1) Органи на Здружението се:
- Собрание;
- Управен одбор
- Надзорен Одбор

### 1. СОБРАНИЕ

Член 18

(1) Собранието е највисоко тело на Здружението.

(2) Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението, односно нивните претставници.

(3) Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Член 19

(1) Членовите на Здружението, со посебна одлука на Управниот одбор можат да бидат и правни лица. Правните лица - членови се должни да определат овластено лице како постојан претставник на правното лице во Собранието и лице/а кое/и во случај на негова/нивна спреченост ќе го/и заменуваат. Во спротивно, се смета дека законскиот застапник на правното лице ќе биде претставник на правното лице во Собранието. Правилник за членство на правни лица носи Управниот одбор со мнозинство на гласови, а износот на членарината се утврдува за секое барање посебно.

(2) Член на Собранието може со полномошно, да овласти друго лице или друг член да го застапува на седницата на Собранието. Полномошното се издава за секоја седница на Собранието поединечно, освен доколку не се работи за одложување на седницата, а Собранието да продолжи да работи со непроменет дневен ред на наредната седница.

(3) Во издаденото полномошно, покрај името и другите лични податоци на другиот член или лицето кое го овластува, членот ќе наведе и конкретни инструкции за начинот на гласање за секоја од поединечните точки од дневниот ред за конкретната седница. Во спротивно ќе се смета дека другиот член односно другото овластено лице може да гласа по свое лично убедување.

(4) Писмено овластување со начинот на гласање за секоја од поединечните точки од дневниот ред за секоја седница на Собранието е должен да му даде и законскиот застапник на членот-правно лице на овластениот претставник или на неговиот заменик. Во спротивно ќе се смета дека другиот член односно другото овластено лице може да гласаат по свое лично убедување.

(5) Во случаите кога не се одржува седница на органот со физичко присуство или пак членот не е во можност да присуствува на закажана седница, одржувањето на седница или изјаснувањето по точките односно гласањето може да се изврши согласно принципот „одлучување без присуство" или одлучување преку кореспонденција. Одлучување без присуство се остварува преку телефонска или видео конференција, телефонско јавување, видео јавување, потпишување на усвоен акт, потпишување на акти со квалификуван електронски потпис на членот, потврда за прифаќање односно одбивање на акт или текст на акт преку пријавената електронска пошта или друг воспоставен начин на комуникација кој се применува во здружението а од кој со сигурност може да се утврди идентитетот на членот и содржината на изјавата односно гласот кој го дава.

Член 20

(1) Собранието на Здружението:

- донесува Статут, Програма за работа на Здружението, Деловник за работа на Собранието и други акти и врши измена и дополнување на истите;
- ја утврдува висината на годишната членарина;
- усвојува годишен изветај за активностите на Здружението;
- усвојува финансиски извештај и истиот го доставува до надлежниот орган во случај да користи средства од буџетот на Р.С.М или на единиците на локалната самоуправа
- утврдува план за работа и дава насоки и инструкции на Управниот одбор на Здружението;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две седници на Собранието;- ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две седници на Собранието;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки за решавање прашања од интерес на Здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението и за основање на трговски друштва;
- одлучува за купување на удели и акции во трговски друштва и за купување на хартии од вредност;
- одлучува за зачленување во сојузи и други домашни и меѓународни организации и ги избира претставниците на Здружението во истите;
- констатира прием на нови членови за кои УО одобрил прием во членство, одлучува за прием на почесни членови и одлучува за престанок на членувањето;
- ги именува и разрешува Претседателот на Собранието, членовите на Управниот одбор на Здружението и членовите на Надзорниот одбор;

- определува ревизор за контрола на финансиското работење на Здружението;
- донесува одлука за промена на целта на Здружението со мнозинство гласови од сите членови на Здружението;
- донесува одлука за престанок на Здружението со 2/3 мнозинство гласови од сите членови на Здружението;
- го именува Секретарот на здружението на предлог на Претседателот на Здружението;
- донесува одлука за други статусни промени на Здружението и
- одлучува за други прашања кои се од значење за работата на Здружението, а кои не се во надлежност на другите органи на Здружението.

Член 21

(1) Собранието одржува редовна седница еднаш годишно, а по потреба одржува и вонредни седници.
(2) Седница на Собранието свикува Претседателот на Собранието.
(3) Седница на собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор или на 2/3 од вкупниот број на членови на Собранието.
(4) Ако претседателот на Собранието во рок од 30 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.
(5) Седница на Собранието за работата на Управниот одбор може да се свика и на предлог на Надзорниот одбор.

Член 22

(1) Седница на Собранието се свикува со доставување на писмена или електронска покана до сите членови и тоа најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата. Заедно со поканата се доставува и дневниот ред и документацијата потребна за расправање на седницата.
(2) Се смета дека Собранието има кворум за работа доколку на седницата присуствуваат најмалку онолку членови колку што е потребно да се постигне мнозинството за донесување на одлуките предвидени со дневниот ред за таа седница, вклучувајќи ги и членовите кои се пријавиле односно презеле активности од член 19 на Статутот за одлучување без присуство.
(3) За текот и работата на Собранието се составува Записник кој го води записничар избран за секоја седница на Собранието. Записничарот се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието и истиот не е задолжително да доаѓа од редовите на членовите на Здружението.
(4) Записникот за текот и работата на Собранието, покрај записничарот го потпишуваат и Претседателот на Собранието и двајца членови на Собранието од редот на присутните членови кои се избираат за секоја седница на Собранието.

Член 23

(1) На Собранието се одлучува со јавно гласање, освен доколку Собранието не одлучи да се гласа тајно или поименично.

(2) Секој член на Собранието има право на еден глас. За прашањата, одлуките и предлозите, членовите гласаат „за", „против" или „воздржан".

(3) Собранието одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, доколку со овој Статут или други акти на Здружението не е поинаку определено.

(4) Во случај на еднаков број на гласови „за" и/или „против" и/или „воздржан" за некоја одлука, предлог или прашање, гласот на Претседателот ќе биде одлучувачки.

1.1. Претседател

Член 24

(1) Собранието избира Претседател на Собранието. Претседателот на Собранието се избира од редот на членовите на Здружението или нивните претставници. Почесен член на Здружението не може да биде избран за Претседател на Собранието.

(2) Претседателот на Собранието се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието, и тоа со јавно гласање.

(3) Мандатот на Претседателот на Собранието трае 4 години со право на повторен избор.

(4) Претседателот на Собранието е воедно и претседател на Управниот одбор на Здружението.

(5) Претседателот на Собранието е воедно и претседател на Здружението и овластено лице за застапување на Здружението.

Член 25

(1) Претседателот на Собранието ги има следните права и должности:

- ги свикува седниците на Собранието;
- го определува дневниот ред, местото и времето на одржување на седниците на Собранието во договор со Управниот одбор;
- раководи со работата на седниците на Собранието и седниците на Управниот одбор;
- раководи со работата на Здружението;
- го претставува и застапува Здружението во односите со трети лица, во земјата и странство, вклучително пред судовите и другите надлежни органи и организации;
- врши контрола над примената на Статутот и другите акти;
- ги потпишува финансиските документи и
- врши и други работи утврдени со овој Статут и другите акти на Здружението.

Член 26

(1) За своето работење Претседателот на Собранието е одговорен пред Собранието.

Член 27

Претседателот на Собранието може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран со еднострано писмено откажување како и со одлука на Собранието донесена со мнозинство од гласовите на присутните членови на Собранието.

Член 28

(1) Собранието ќе избере заменик на Претседателот од редот на неговите членови, кој ќе ја врши функцијата на Претседател во случаи на отсуство или спреченост на Претседателот.

(2) Заменикот ги има истите права и должности како и Претседателот.

## 2. УПРАВЕН ОДБОР

Член 29

(1) Управниот орган на Здружението се состои од 8 (осум) члена.

(2) За своето работење Управниот одбор е одговорен пред Собранието на Здружението.

Член 30

(1) Претседател на Управниот одбор по функција е Претседателот на Собранието на Здружението.

(2) За членови на Управниот одбор можат да бидат избрани и лица кои не се членови на Здружението, а кои со својот углед, како и професионална ориентација можат да придонесат во работењето на Здружението.

(3) Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието со мандат од 4 (четири) години и право на повторен избор.

(4) Во случај член на Управниот одбор да не е способен за извршување на одредена дејност во назначениот период или поднесе оставка, или настапи смрт за времетраење на мандатот, Управниот одбор предлага свикување на вонредна седница на Собранието на која се избира нов член на Управниот одбор. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на членот кого го менува.

(5) Во случај на член на Здружението да му престане членството во Здружението по било кој основ (исклучување, истапување, смрт, ликвидација итн.), автоматски му престанува и мандатот на членот на Управниот одбор – претставник на таквиот член на Здружението. Во тој случај се пристапува кон избор на нов член на Управниот одбор со примена на претходниот став.

(6) Во случај на членот на Управниот одбор да му престане својството на законски застапник на членот на Здружението или да му биде отповикано овластувањето за претставување на членот на Здружението во Собранието, на таквиот член на УО автоматски му престанува и мандатот во Управниот одбор. Наместо овој член, без избор, за нов член се именува новиот законски застапник или претставник на членот на Здружението во Собранието. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на членот кого го менува.
(7) Член на Управниот одбор може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран. Одлуката за разрешување ја носи Собранието со мнозинство гласови од присутните членови на седницата на Собранието. Доколку одлуката е донесена поради причини на страната на членот на Здружението кого го застапува односно претставува разрешениот член, се пристапува кон избор на нов член на УО согласно став 4 од овој член. Доколку одлуката е донесена поради лични причини на страна на членот на Управниот одбор, се пристапува кон именување на нов член согласно став 6 од овој член.

Член 31

(1) Управниот одбор ги има следните права и обврски:

- утврдува предлог на статут и предлог измена и дополнување на статутот на здружението, како и предлози на други акти чие донесување е во надлежност на Собранието;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги подготвува и предлага плановите и програмата за работа;
- ја спроведува политиката, одлуките, заклучоците и инструкциите донесени и дадени од Собранието;
- изготвува финансиски план, финансиски извештај и годишна сметка и ги предлага на Собранието заради усвојување;
- одлучува за прием на нови членови, чиј прием во членство е полноважен откако Собранието ќе донесе одлука со која се констатира приемот во членство;
- се грижи за обезбедување на јавност во работењето и контактира со јавноста;
- управува и одговара за управување со имотот на Здружението;
- предлага основање на стручни тела и служби и врши контрола врз нивното работење;
- донесува одлуки, правилници, упатства и други акти предложени од Претседателот на здружението или Собранието а со кои се уредуваат односно подетално се уредуваат прашањата за начинот, условите и постапката за членство, партнерство, исплата на надоместоци, награди и други прашања од тековното и оперативно работење на здружението;.

- одлучува за ангажирање на адвокати и други стручни лица заради остварување на целите и задачите на здружението и
- врши други работи утврдени со статутот и други акти.

Член 32

(1) Претседателот на Управниот одбор ги има следните права и обврски:
- ги свикува седниците на УО;
- го утврдува дневниот ред на седниците на УО;
- раководи со работата на седниците на УО и
- има други права и обврски предвидени со закон и овој Статут.

Член 33

(1) Претседателот на Управниот одбор може да закаже состанок (седница) на Управниот одбор во секое време за кое смета дека е потребно, а воедно е должен да закаже состанок ако друг член му достави барање во писмена форма.
(2) Претседателот на Управниот одбор ги известува останатите членови на Управниот одбор за состаноците една недела однапред во писмена или електронска форма.
(3) Во исклучителни случаи седница може да се свика и по телефон ако за тоа дадат согласност сите членови на органот, а согласноста ја потврдат на записникот за конкретната седница.

Член 34

Седниците на Управниот одбор по правило се јавни освен ако Управниот одбор, за конкретна седница, не одлучи поинаку.

Член 35

(1) Се смета дека се исполнети условите за работа на Управниот одбор доколку на седницата се присутни најмалку четири од членовите на УО. Седници на УО може да се свикуваат и одржуваат и на начините предвидени за седници на Собранието согласно член 19 од Статутот.
(2) Своите одлуки Управниот одбор ги донесува со мнозинство гласови од сите свои членови, освен доколку со закон, овој Статут или друг акт на Здружението не е предвидено посебно мнозинство. Гласањето е јавно, освен доколку Управниот одбор не одлучи да се гласа тајно или поименично.
(3) Доколку член на УО, негов брачен другар и роднина до втор степен се посредно или непосредно засегнати од некоја одлука на УО, истиот е изземен од гласањето, но има право на дискусија по таа точка на дневниот ред.

Член 36

(1) За работата на седниците на Управниот одбор се води записник кој го води записничар. Записничарот не е задолжително да биде член на УО. Претседателот на УО не може да биде воедно и записничар.
(2) Записникот за работата на седницата на УО го потпишуваат Претседателот на УО и записничарот.

Член 37

(1) За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението, Собранието со мнозинство гласови може да именува Секретар на Здружението.

(2) Секретарот за извршувањето на својата работа одговорен е пред Собранието на Здружението.

Член 38

(1) Права, обврски и надлежности на Секретарот:

-секретарот на Здружението раководи со техничката работа на Здружението,

-секретарот е одговорен за спроведување на Финансискиот план и Програмата за работа;

-се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Извршниот одбор.

В. НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 39

(1) Надзорниот одбор е орган за надзор на Здружението.

(2) Надзорниот одбор е составен од 6 (шест) члена кои ги избира Собранието со одлука донесена со мнозинство гласови од членовите на Собранието.

(3) Член на Надзорниот одбор може да биде секој член на Здружението, односно негов претставник во Собранието или лице кое со својата стручност може да помогне во извршувањето на обврските на овој орган.

Член 40

(1) Надзорниот Одбор ги врши следните работи:

- ја следи примената на Статутот и програмата за работа;
- се грижи за имотот на Здружението;
- врши контрола над наменското користење и располагање со средствата и приходите на Здружението;
- ги прегледува финансиските документи на Здружението;
- ги прегледува годишните сметки на Здружението и
- врши други работи предвидени со закон, овој Статут или друг акт на Здружението.

Член 41

(1) За работите кои се во надлежност на НО, а за кои е неопходно потребно стручно знаење, НО има право да ангажира стручни лица на сметка на Здружението.

(2) Надзорниот одбор води регистар на членовите и збирка со лични податоци кои ги ажурира редовно а најмалку еднаш годишно.

(3) Надзорниот одбор е надлежен да изработи процедури за заштита на личните податоци на членовите и збирката со лични податоци. Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.
(4) Претседателот на Надзорниот одбор е лице одговорно за комуникација со Агенцијата за заштита на личните податоци согласно законот.

Член 42

(1) Членовите на Надзорниот одбор се избираат со мандат од 4 години, со право на реизбор.
(2) Членовите на Управниот одбор не може во исто време да бидат и членови на Надзорниот одбор на Здружението.
(3) Надзорниот одбор избира Претседател од своите редови.
(4) Се смета дека се исполнети условите за работа на Надзорниот одбор доколку на седницата се присутни повеќе од половина од членовите на НО. Седници на НО може да се свикуваат и одржуваат и на начините предвидени за седници на Собранието согласно член 19 од Статутот.
(5) Своите одлуки Надзорниот одбор ги донесува со мнозинство гласови од сите свои членови, освен доколку со закон, овој статут или друг акт на Здружението не е предвидено посебно мнозинство. Гласањето е јавно, а по исклучок тајно или поименично, врз основа на одлука на НО донесена со мнозинство гласови.

Член 43

(1) За своето работење Надзорниот одбор е одговорен пред Собранието на Здружението.

Член 44

(1) Во случај член на Надзорниот одбор да не е способен за извршување на функцијата во назначениот период или поднесе оставка, или настапи смрт за времетраење на мандатот, член на Надзорниот одбор предлага свикување на вонредна седница на Собранието на која се избира нов член на Надзорниот одбор. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на членот кого го менува.

## 6. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 45

(1) Работата на Здружението е јавна.
(2) Собранието и другите органи се должни благовремено, редовно и објективно да ја известуваат јавноста од делокругот на целите, задачите и активностите на Здружението.
(3) Информирање на јавноста од претходниот став вршат Претседателот на Собранието или лице овластено од него (лице за односи со јавноста).

Македонска Асоцијација на Корпоративни Правници

Член 62

(1) Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Собрание на Здружение МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје.

Претседател,

Иван Петрушевски

Здружение МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје